Арх. 0908-377/1 од 13.12.2024 година

Согласно Правилникот за набавки на Здружението за хумано домување Хабитат Македонија бр. 0202-431/2 од 01.11.2021 година, вклучувајќи ги сите последователни измени и дополнувања и Одлуката за измени и дополнувања на Правилникот за набавки донесена на ден 27.12.2023 година, а во врска со Програмата за нови домови во Велес, Здружението за хумано домување Хабитат Македонија на ден 13.12. 2024 година објавува:

**ПОВИК И УСЛОВИ НА НАБАВКА бр. 48 /2024**

1. Општи одредби

1.1. Набавувач: Здружение за хумано домување Хабитат Македонија, ул. „Никола Парапунов" бр.41, Комплекс Макотекс, 1 кат, Скопје.

1.2. Предмет на набавка: Проект за поставување на фотонапонски панели на кровна конструкција и изведба на фотонапонски панели на кровна конструкција на објект во населбата Хабитат во Велес на КП 17617/24 и КП 17617/25:

   1. **Основен проект за поставување на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќност од 40kW,** потребен за апликација во соодветна институција.
   2. **Изведба на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќност од 40kW на кровна конструкција**

1.3. Квалитет: Задоволени минимум пропишани стандарди за изведување на овој тип на работи. Потребно е да се достави точен опис на структурата, составот и квалитетот на материјалите кои ќе се вградуваат, како и земјата на потекло на истите. Понудата да содржи проспекти од понудените работи, атести и сертификати од вградениот материјал.

1.4. Рок за доставување на Основен проект: Максимум 30 дена од добиен налог за работа.

1.5. Економска понуда: по принцип клуч на рака.

1.6. Цена и начин на плаќање:

- Цената да вклучи ДДВ и да биде изразена во македонски денари.
- Понудата да содржи начин на плаќање.

1.7. Лиценца: Понудувачот да поседува најмалку лиценца Б категорија или, предвидена за изведувачи на објекти од втора категорија, согласно позитивните законски прописи во Република Македонија.

1.8. Понудата да содржи краток историјат и референци на понудувачот за изведени системи со фотонапонски панели во последните 3 години.

1.9. Рок за пристапување кон работа по известувањето за избор на најповолен понудувач, односно по известување за создадени услови за почеток на работа

1.10. Рок за доставување на Основен проект, потребен за апликација во соодветна институција.

1.11. Рок за завршување на предвидените работи.

1.12. Понудата треба да содржи Гаранции за технологијата што ќе се вградува.

2. Рокови

2.1. Рок на важност на понудата: Понудата да важи најмалку до известување за избор на најповолен понудувач/и.

2.2. Рок на поднесување на понудата е најдоцна до 23.12.2017 година (понеделник), до 15 и 30 часот.

2.3. Рок за известување за извршен избор: За извршениот избор, понудувачите ќе бидат известени во рок од 10 дена по донесување на одлуката од Управниот одбор на Хабитат Македонија.

3. Посебни одредби

3.1. Увид на терен: Заради давање на прецизна понуда го/ги повикуваме понудувачот/те да направи/ат неопходен увид на локацијата за градба во Велес. Потребно е пред вршење на увидот понудувачот да го извести набавувачот за денот и часот за вршење на истиот.

3.2. Во прилог на овој повик Инвеститорот доставува графички приказ од петта фасада, кровна конструкција, и ориентација на објектот во просторот.

3.3. Очекуван почеток на работите од точка 1.2. по овој повик е втора половина од месец февруари 2025 година.

3.4. Временска рамка и динамика за испорака на работите: Динамиката за извршување на работите да биде усогласена со барањата на набавувачот.

3.5. Начин на плаќање: по завршена работа.

4. Доставување на понудата

4.1. Понудата и останатата документација се доставуваат во затворен коверт и во еден оригинален примерок потпишан од страна на одговорното лице на понудувачот. Надворешниот коверт треба да го носи бројот на повикот како и ознаката „не отворај".

4.2. Начин на поднесување на понудите: Пратката се доставува со предавање во архивата на набавувачот, на адреса: ул. „Никола Парапунов" бр. 41, Комплекс Макотекс, 1 кат, Скопје.

5. Завршни одредби

5.1 Понудите кои не ја содржат потребната документација, кои се доставени со задоцнување или кои не ги исполнуваат условите за набавка се отфрлаат.

5.2 Секој понудувач може да учествува со една понуда.

Повикот со целокупната документација е објавен на веб страната на Хабитат Македонија.

Понудите ќе бидат оценувани според следните критериуми:

- Цена: понудата со најниска цена ќе биде оценета со најголем број на бодови;
- Референци: понудувачот со најголем број изведени станбени објекти ќе биде оценет со најголем број на бодови;
- Рок: понудувачот кој нема да го понуди рокот за почеток на градежните работи од овој повик ќе биде оценет со најмал број бодови;
- Квалитет: понудувачот кој ќе понуди соодветни или подобри решенија од наведените барања и ќе достави соодветни сертификати за сите материјали кои ќе ги употребува, ќе биде оценет со најголем број на бодови;
- Гаранција: Понудувачот кој ќе понуди најдолга гаранција на вградената технологија, односно, најдолга гаранција на механичките карактеристики, најдолга гаранција за најниско намалување на моќноста и најдолга гаранција за инвертори, ќе биде оценет со најголем број на бодови.
- Соработка: понудувачот кој ќе понуди спремност за соработка за сѐ она што би можело да се појави како дополнителен ангажман околу евентуални измени или дополнувања, а кои понудувачот би ги направил без дополнителен надомест, ќе биде оценет со најголем број на бодови.

Дополнителни информации може да се добијат од Костадин Настевски
(тел. 075/868 138, е-пошта: knastevski@finerti.com.mk)

Зоран Костов
Извршен директор

Здружение за хумано домување „ХАБИТАТ МАКЕДОНИЈА" 1 Скопје

КН